МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Август 2010

БРОЈ 108

# Започна замената на прозорците во училишта во општина Аеродром



*Од свеченото започнување на проектот*

Замената на прозорците во три основни училишта и една градинка во општината Аеродром ќе овозможи поквалитетно одвивање на наставата и подобрување на енергетската ефикасност. Отпочнувањето на работите беше одбележано денес (18 август 2010 година) во училиштето „Блаже Конески".

„Ми претставува голема чест и задоволство да ве информирам дека проектот Форуми во заедницата влезе во својата финална фаза", рече во своето обраќање Ивица Конески, градоначалник на општината Аеродром. „Овој проект започна со реализација минатата година, на форумските сесии. Ги прашавме граѓаните што сакаат да биде реализирано со заедничките средства на Швајцарската амбасада и општина Аеродром, граѓаните го одбраа токму овој проект замена на прозорците во основните училишта „Блаже Конески", „Браќа Миладиновци", „Гоце Делчев" и градинката „Изворче", додаде тој.

Според Никол Вурш, амбасадорка на Швајцарија во Република Македонија, „поважно од самиот проект е начинот на кој се дошло до проектот, односно, програмата Форуми во заедниците, финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка. Програмата предлага механизам на граѓанско учество во процесот на одлучување на локално ниво, им овозможува на граѓаните да ги дефинираат општинските проблеми и да најдат решенија низ јавни дебати", кажа Вурш.

Замената на прозорците ќе чини околу 7,1 милион денари, од кои 4 милиони се донација од амбасадата на Република Швајцарија, а 3,1 милион се придонес на општина Аеродром во целиот проект. Проектот е плод на речиси едногодишната работа на МЦМС, Единицата за координација на форумите и администрацијата на општина Аеродром со жителите на општината.

## Антикорупциска писменост во Македонија

МЦМС започна со спроведувањето на проектот „Антикорупциска писменост", кој ќе ги опфати граѓанските организации, органите на државна управа, медиумите и граѓаните.

Целта е да се придонесе кон анализа на политиките и кон расправи за битните општествени прашања со фокус на борбата против корупцијата.

Со проектот се очекува да се зголеми свеста за проблемот на корупцијата и капацитетите за антикорупциска писменост на граѓанските организации, властите, медиумите и граѓаните на РМ и да се разменат искуства меѓу граѓанските организации од РМ со земји од регионот. Активностите ќе се спроведуваат преку: форуми за размена на ставови за проблемот за корупција, обуки за антикорупциска писменост , студиска посета во Бугарија и публикација која ќе го пренесе бугарското искуство за состојбата и справувањето со корупцијата. Ќе бидат опфатени повеќе целни групи во различни области, на целата територија на РМ. Проектот трае до крајот на годината. Буџетот на проектот е 952.750 денари. Поддршката е обезбедена од ЕЕД. Публикацијата ќе се објави на македонски и на албански јазик.

## Дводневна работилница на НКТН

Од 22 до 24 август 2010 година, во Берово, се одржа дводневна работилница на Националното координативно тело за не-дискриминација (НКТН). Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС и Наташа Постоловска, Полио плус беа модератори на настанот.

На работилницата присутните дискутираа околу нацрт работната програма на НКТН. Учесниците предложија проширување на составот на НКТН со претставници од: кабинетот на Претседателот на РМ, Министерството за образование и Бирото за развој на образованието, Стопанските комори, Академијата за обука на студии и Советот за радиодифузија. Исто така имаше дискусија за улогата на НКТН во јакнењето на свеста (следење медиуми) и следењето случаи (и спроведување релевантни) истражувања. Учесниците констатираа дека улогата на НКТН не е да ги заменува постоечките институции, туку да ја фацилитира комуникацијата и соработката и да биде поддршка на Комисијата за заштита од дискриминација која треба да се формира до крајот на годината.

НКТН формираше четири работни групи, кои ќе се насочат на: соработката со медиумите и дефинирање на стратгија за односи со јавност за прашањето на дискриминаца; формирањето и поддршката на Комисијата за заштита од дискриминација; развој на институциите за борба против дискриминацијата; и понатамошно следење и измнување на законодавството.

## Анализа на анти-дискриминаторската легислатива




Излезе од печат публикацијата „Анализа на меѓународните стандарди и најдобри практики и постоечките национални закони, политики и планови на антидискриминаторската легислатива" од авторите проф. д-р Мирјана Најчевска и Александра Тасевска.

Ова е обид да се приближат искуствата на повеќе држави до македонската јавност. Анализата е дел од промоцијата на идејата за антидискриминаторска регулатива во Република Македонија.

## Финансирање на граѓанските организации од страна на државата




Новата публикација е преглед на можностите за финансирање на граѓанските организации од страна на државата во неколку европски земји, како и постоечките решенија во Република Македонија.

Прегледот ги пренесува позитивните искуства од европските земји за важноста на директната финансиска поддршка за граѓанските организации од страна на државата која значително придонесува кон одржливоста на граѓанскиот сектор.

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
ул. Никола Парапунов 66, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk